**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петнаестата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 26 март 2003 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ружди Матоши, Андреј Жерновски ме извстија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 69 пратеници.

Можеме да продолжиме со работа.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Почитувани пратеници, оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за статусот на силите раководени од Европската унија во Република Македонија, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Европската унија за статусот на силите раководени од Европската унија во Република Македонија.

Предлогот на закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

Има збор госпоѓата Илинка Митрева, министер за надворешни работи.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Пред вас се наоѓамандман Предлогот за донесување по итна постапка на законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за статусот на силите раководени од Европската унија во Република Македонија, со Предлог на закон. Овој Договор е потпишан од страна на Владата и Европската унија на 21 март 2003 година и потребна е негова ратификација во Собранието на Република Македонија.

Со неговото усвојување ќе биде поставена правната рамка за доаѓањето на европските сили во Република Македонија. Се предвидува мисијата да започне на 31 март 2003 година и оттаму итноста на овој денешен наш чин и да трае 6 месеци. Одговорноста за безбедноста и стабилноста на земјата останува кај институциите на државата. Присуството на европските сили претставува поддршка во остварувањето на таа цел.

Цврсто сме убедени дека по завршувањето на мандатот на европските сили, Република Македонија повеќе нема да има потреба од странски воени мисии. Меѓусебно почитување, интензивен и редовен политички дијалог и соработка во сите сфери од взаемен интерес е основната линија по која се движат релациите меѓу Република Македонија и Европската унија. Унијата во континуитет го поддржува територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија и ја охрабрува во нејзината стратегиска определба за интегрирање во европските и евроатланските структури. Тоа, особено се манифестираше за време на безбедносната криза која и се случи на нашата држава. Унијата имаше директен ангажман во склучувањето и реализацијата на Рамковниот договор. Земјите членки на Европската унија учествуваа во сите досегашни безбедносни мисии на НАТО во Република Македонија. Присутна е мисијата за набљудување на Европската унија и специјалниот пратеник на Унијата во Република Македонија.

Ратификацијата на овој закон отвора нова етапа во односите меѓу Македонија и Унијата. За прв пат во историјата на Европската унија, партнерските односи со една земја, која што не е нејзина членка вклучуваат, освен политички и

економски содржини и соработка во безбедносната димензија. Со тоа ќе започне процес во кој Унијата ќе и помогне на Македонија да ја потврди својата трајна стабилност, а Македонија ќе придонесе Унијата да го потврди концептот европска безбедносна и одбранбена политика.

Договорот за статусот на силите ќе ги заштити интересите на Република Македонија и интересите на припадниците на оваа мисија. Преговарачкиот тим на Владата на Република Македонија, земајќи ги предвид и искуствата од досегашните мисии на НАТО работеше напорно договорот да ги содржи сите важни одредби за целосна заштита на суверенитетот на Македонија и нејзините национални интереси.

Основата на мандатот на мисијата е содржана во размената на писма помеѓу претседателот на Република Македонија г. Трајковски и Високиот претставник Солана. Правниот аспект е содржан во Договорот на статусот на силите. Во овој корпус е вклучен и оперативниот план на мисијата усвоен од Министерскиот совет на Европската унија на 18 март 2003 година во Брисел, заедно со одлуките за започнување на операцијата и за учество на трети земји во операцијата.

Мисијата на Европската унија составена од 345 припадници ќе има многу слични задачи со досегашната мисија на НАТО. Зачуван е многу важниот принцип на континуитет на мисиите. Согласно мандатот клучните задачи на мисијата се.

Видливо присуство во поранешните кризни региони и поддршка на мониторите од Меѓународната заедница. Соработка со надлежните органи на Република Македонија и меѓународните организации и придонес во изградбата на доверба.

Советодавна помош во забрзување на реформите во безбедносниот сектор. Засилување на неговите перформанси во борбата против организираниот криминал и корупцијата.

Координација и размена на информации за безбедност на границата.

Успешната реализација на мисијата на Европската унија, реформите и институционалната соработка со Унијата, ќе го забрзаат процесот на европска интеграција на Република Македонија како темелна определба на нејзината надворешна политика.

Посебно е важно да се нагласи заедничката желба на Македонија и на Унијата за изградба на мирен и стабилен регион на просперитетни земји, кои тесно соработуваат и кои ќе бидат интегрирани во Европската унија. Поради овие и други

причини, кои ќе ги изнесам подолу, сметам дека овој Предлог закон треба да ја добие поддршката на Собранието. Тоа е одлука што јасно ќе покаже дека Македонија е држава која сака да стане дел од Унија што не е само економска заедница, туку и заедница на вредности и визија. Дека Македонија не е само конзумент на придобивките на таа заедница, туку е подготвена да придонесува кон нивната надградба.

Почитувани пратеници, пред точно две години Македонија беше главната вест на насловните страници на светските весници. За жал, повод за ваквиот интерес беше конфликтот во Македонија, безбедносна криза во срцето на Европа. Во тие моменти клучните политички партии и нивните лидери се одлучија за политичко решение на кризата и се потпиша Рамковниот договор.

Денес светските медиуми се свртени кон една друга криза, ирачката. Македонија се споменува не како проблем, туку како дел од решенијата, како учесник во коалицијата за разоружување на режимот на Садам Хусеин. Настаните окол Ирак покажуваат колку е тешко да се постигне едногласност за начинот на надминување на кризните ситуации. Но, Македонија и тука беше исклучок. За време на кризата во Македонија светските лидери и трансатланските и европските институции беа единствени како што не биле никогаш порано. Тие беа единствени во поддршката на суверенитетот и територијалниот интегритет на нашата држава. Македонија тогаш, но и денес ја има едногласната поддршка на своите партнери и пријатели заслужена со умереноста и разумноста со која го надмина конфликтот. Дел од таа поддршка беше испраќањето на силите на НАТО во Република Македонија. Северoатланската алијанса имаше три последователни мисии од август 2001 година. Тие мисии беа вонредно успешни. Република Македонија доби помош од силите на НАТО во вистинско време тогаш кога мирот беше помалку извесен, отколку што е денес.

Подготвеноста, пак, на Европската унија, првата мисија на нејзините сили да отпочнат токму во Македонија, се должи на увереноста дека тука ќе се оствари успешен почеток на овој важен европски проект.

Почитувани пратеници, договорните односи меѓу Европската унија и НАТО се целосно воспоставени врз основа на усогласениот Берлин плус аранжман. Постои единствен политички пристап кон целата операција од страна на Европската унија и Евроатланската алијанса, а мисијата се потпира врз капацитетите на алијансата. Мисијата ќе биде поврзана со операциите на НАТО во регионот и тоа двојно. Преку канцеларијата за врски на Европската унија во Неапол и преку тесната

соработка на европските сили и командата на НАТО во Скопје. За командант на операцијата е именуван адмирал Фист, заменик врховен командант на НАТО за Европа, со седиште во Монс - Белгија, а за командант на силите генерал мајор Кер Марал. НАТО ќе обезбеди поддршка на операцијата и ќе ги стави на располагање своите капацитети во регионот, заради евентуално извлекување на припадниците на мисијата во вонредни случаи, иако и самите евро сили ќе имаат свои лимитирани капацитети за извлекување.

Мисијата на Европската унија не ги намалува значењето и континуираната улога на НАТО во Македонија. Советодавната функција на алијансата со воениот сектор останува и е зајакната преку присуство на советодавен тим.

Рековме, Македонија и Унијата оваа мисија ја разбираат како израз на потполно партнерство, кој вклучува редовни политички контакти меѓу специјалните претставник на Европската унија во Македонија и командантот на силите со надлежните органи на Република Македонија, заради разгледување на реализацијата на мисијата.

Посебно е значајно што се предвидува учество на Македонија во размената на информации за вкупниот развој на европската безбедносна и одбранбена политика, учество на претставниците на Владата во политичко безбедносниот комитет на Унијата и по потреба состаноци со Комитетот на земјите контрибутори поради размена на информации околу одвивање на секојдневниот тек на операцијата.

Почитувани пратеници, договорот за статусот на силите е резултат на едномесечни преговори со претставниците на Унијата.

Владата на Република Македонија усвои платформа за преговорите и го задолжи Министерството за надворешни работи да ги води тие преговори. Министерството за надворешни работи организираше бројни подготвнителни состаноци со претставници на Министерството за одбраната, Внатрешни работи, Финансии, Правда, Транспорт и врски, животна средина и просторно планирање, локална самоуправа со Управата за царини и Кабинетот на претседателот на Република Македонија. На тие состаноци беше прецизирана појдовната позиција во преговорите, беа прецизирани обврските преземени со меѓународните договори, беше разгледувано досегашното искуство и беа утврдени механизми за надминување на некои слабости воочени во спроведувањето на претходните мисии. Во принцип не постојат едноставни преговори, меѓутоа, сакам да истакнам дека овие

беа конструктивни со јасна желба на двете страни да се постигне највисок можен степен на усогласеност по сите прашања што се дел од Договорот.

Би сакала да издвојам неколку од нив.

Силите на Европската унија ќе ги почитуваа законите и прописите на Република Македонија и ќе се воздржат од каква било акција или активност, која е некомпатибилна со непристрасноста и меѓународната природа на операцијата. Со Договорот Владата ќе има комплетни информации за мисијата, целосен увид за составот на персоналот и воените рангови, како и инвентарните листи за целокупната опрема и возилата што силите на Европската унија ќе ги користат на територијата на Република Македонија.

Посебно внимание е посветено на обврската на силите за почитување на домашното законодавство, околку заштитата на природата и човековата околина и културните богатства. Силите на Европската унија ќе се консултираат со Македонија за управувањето со цврстиот отпад, заштита од зрачења и заштита на природните богатства и природните ресурси. Сите прашања што ќе произлезат од примената на овој Договор, ќе бидат предмет на разгледување на заедничката координативна група составена од претставници на надлежните органи на Македонија и на силите на Европската унија. Исто така, оваа заедничка координативна група ќе формира и заедничка комисија за жалби.

Почитувани пратеници, дами и господа, влегувањето во полноправно членство во Република Македонија во НАТО и во Европската унија се цели кои ќе се остварат, веројатно, во различно време, но во име на истата целисходност. Потврдување на државата како траен дел од западниот цивилизациски круг.

Мисијата на Европската унија во Македонија треба да биде разбрана како знак на партнерство и засилен безбедносен дијалог меѓу Македонија и Унијата. Тоа е наш нов надворешно политички капитал.

Како македонски пратеници денеска имате можност во својство на активни учесници да дадете придонес за ставање во функција на долго подготвуваниот европски одбранбен и безбедносен идентитет. Едновремено, со тоа ќе ставите печат и врз трајната безбедност на сопствената држава.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на госпоѓата Митрева.

Предлогот на Владата, овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратеници, 83 гласале за, 1 воздржан.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневе ред:

1. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за статусот на силите раководени од Европската унија во Република Македонија.

Дали се согласување дневниот ред да не го проширувамe со други точки?

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на точката од дневниот ред - Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за статусот на силите раководени од Европската унија во Република Македонија.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Претпоставувам дека обраќањето на госпоѓа Митрева беше едновремено и воведно излагање по законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине претседателе, господа министри, претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги,

Јас би сакал да го искористам она што министерката во своето експозе го укажа на крајот дека како пратеници имаме можност да партиципираме во самиот процес на ратификација, но би рекол евентуално да дадеме сугестии како да се одвива работата во малку подобри услови, бидејќи верувам дека немаме шанса битно да влијаеме на содржината на договорот.

Освен тоа, министерката кажа дека ова е навистина еден комплементарен ангажман на многу органи на Владата на Република Македонија, односно министерства и претставува израз, би рекол на потребите во овој момент на Република Македонија околу завршувањето на мисијата на НАТО и преземањето на оваа мошне одговорна задача од страна на европските сили.

Чувствувам за потребно да подвлечам дека после 1996 година ова е првиот документ кој доаѓа на ратификација во Собранието на Република Македонија, а се однесува на присуство на странски сили во Република Македонија. Дури и основниот договор меѓу Република Македонија и НАТО за дејствување на НАТО мисијата во Македонија кој е склучен 1998 година со размена на писмо меѓу тогашниот министер за надворешни работи господинот Димитров и господинот Солана не дојде на ратификација во Собранието, а Уставот останува ист и процедурата е иста. Значи, практично после седум години се почитува Уставот и сакам да го подвлечам тој факт, како Собрание да инсистираме и понатаму за секое доаѓање на странски сили во Република Македонија да се почитува Уставот, значи, да доаѓа договорот, спогодбата на ратификација во Собранието на Република Македонија. Не е спротивно на нашата легисластива, ако сакате и на Меѓународното право и во самиот чин на потпишувањето Собранието да го ратификува договорот и ние тоа денес го правиме.

Сакам да подвлечам дека Комисија за одбрана и безбедност, деклариравме наша подготвеност да партиципираме во самиот Драфт на договорот со Европската унија, но договорот како и секој договор подразбира ангажман на двете страни и претпоставувам Владата на Република Македонија и министерствата, и Министерството за надворешни работи кое ја водеше непосредно постапката дефинитивниот став на луѓето од Европската унија можеа да го слушнат многу доцна, па затоа и ние расправаме на итна седница, или можеби требало многу повеќе ангажман на сите субјекти во државата. Но, тоа сакавме да го направиме не толку заради транспарентноста на одбраната и безбедноста, туку пред се, да ја подобриме позицијата на Владата на Република Македонија во утврдувањето на деталите и правната рамка за доаѓањето на европските сили. Сега кога ќе го погледнам основниот договор со НАТО од 1998 година и овој договор што сега го ратификуваме, битна разлика нема. Значи, европските сили се задржуваат во рамките на НАТО, кои веќе се утврдени со договорот од 1998 година и сите подоцнежни спогодби и договори кои биле околу продолжувањето на мисиите на НАТО во Република Македонија.

Мислам дека можевме да сугерираме во оваа постапка за малку, би рекол, поодговорен однос на странските сили во смисла на заштита на интересите на Република Македонија. Тоа го говорам од едно искуство. Оваа држава изгуби еден министер во сообраќајна несреќа, имаше и други кривични дела, не е тргнато многу напред, но тоа се стандардите кои ги договара НАТО и сега ги наследува Европската унија. Значи, тука нашето законодавство нема битно влијание, а ќе ве потсетам само на министерот кој загина во сообраќајна несреќас и тој предмет сеуште се влече во судовите во Норвешка околу надоместокот на штетата и т.н. Дали тоа дефинитивно е окончано, нака ми простат, незнам некои детали.

Ова го подлвекувам заради подобрување на позицијата на Република Македонија во моментот кога странски сили претстојуваат во Република Македонија. Говорам како Комисија, како пратеници, имам потреба и обврска и пред Комисијата тоа да го кажам и евентуално да се надеваме дека ова ќе биде последната странска мисија или мисија на странски сили во Република Македонија што ни е потребна. Но, тие се тука, да повторам, по наше барање и тие се тука заради наши потреби. Се надевам дека тие ќе останат како што е идејата, до крајот на годината и дека Република Македонија после тоа нема да има никаква потреба за присуство на странски сили.

Особено е битно што доаѓа оваа мисија на Европската унија како прва мисија, превентивна би рекол, би сакал да верувам дека ќе биде исто така успешна како превентивната мисија на ООН  и дека независно од тоа што добиваме постојано уверување од луѓето од НАТО и Европската унија дека само се менуваат симболите и знаците, а суштината останува иста, бидејќи се присутни луѓе од истите земји членки на НАТО, пред се доминанта е структурата од Европската унија, јас сакам сепак да верувам дека се раѓа една нова структура. Дека се раѓа една нова структура за која Република Македонија многу повеќе треба да биде врзана, бидејѓи пред се ние сме европска земја, нашата иднина е во Европа и таму припаѓаме, дел сме од Европа и мислам дека тестот во Република Македонија ќе биде многу успешен на силите за брза интервенција или европските сили, како што стои во договорот и дека дефинитивно ќе почне да се раѓа нешто ново, кое ќе биде во услови кога сериозно се разнишани односите на доверба во самата НАТО, гарант за безбедноста и стабилноста на Република Македонија.

Сакам оваа мисија да успее пред се заради нас и во таа смисла овој договор треба да се поддржи, бидејќи Република Македонија сеуште, сакале ние да признаеме или не, има доста флуидна безбедносна состојба, границите сеуште се

недефинирани, мислам на одбележувањето на граничната линија, сеуште има не само криминални банди, туку и некои други организирани структури и ова присуство на европските сили е наша потреба. Мислам дека граѓаните на Република Македонија присуството на мисијата на војниците, претставници на Европската унија ќе ги прима во Република Македонија како своја потреба и се надевам дека заедно ќе успееме, до крајот на годината да бидат присутни, а после Нова година во Република Македонија да доаѓаат како туристи луѓе што сакаат да ги видат убавите страни на животот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Тито Петковски.

Има збор господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

На оваа седница гласавме овој законски проект за ратификација на договорот да биде уврстен по итна постапка. Се разбира, штом договорот е потпишан на 21 март 2003 година, а силите треба да дојдат на 31 март 2003 година, а треба да биде ратификуван договорот, да се донесе законот за ратификација, нема друг избор освен да се донесе по итна постапка. Меѓутоа, иако итната постапка за донесување на закони ја практикуваме на законски проекти кои не се така важни и кои се, да речам така, погодни за таа постапка, заради тоа што не се ни обемни и др., овој пат добро е што се определивме за итна постапка, за да овозоможиме сепак Собранието на Република Македонија да се произнесе по овој договор. А овој договор не е од таков карактер како другите закони по кои применуваме итна постапка. Овој договор, по мое мислење, ја преместува грижата од НАТО на силите на Европската унија, грижата на Меѓународната заедница за помош на нашите институции и органи и на нашите граѓани за создавање мирен, стабилен, безбеден живот и амбиент воопшто и на тој начин за дефинитивно совладување на кризните елементи, остатоци од кризата. Овде имаше оружен конфликт како жариште во 2001 година. Оваа трансформација на присуството на Меѓународната заедница со свои сили овде, без оглед што нас не убедуваат дека се останува исто, само ознаките се менуваат, за нас апсолутно не е исто, туку претставува голема промена. Европската унија е единствена меѓународна инстанца која со нас има потпишано Спогодба, со

нас заедно да работи на стабилноста. Ние имаме договор за стабилизација и асоцијација. Овде прв пат сега се дава на знаење дека во нашите регуларни односи, така како што биле проценети и како што ние сме ги ратификувале во ова Собрание, се бара решението за изградба на стабилност до оној степен кој е пторебен земјата да дојде во статус на асоцијација во односите со Европската унија.

Затоа, од аспект на нашата земја оваа промена, без оглед што се вели дека исти се земјите кои ќе ги даваат војниците, командите ќе бидат усогласени и т.н., за нас има правен карактер на битна промена во потврдувањето на нашиот статус на страна - договорница за Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Затоа, сметав, а и сега сметам, дека ние требаше да имаме малку поинаков однос спрема целата оваа најава на ваква можност на развој на настаните. Моравме да имаме јасно позитивен однос кон таквиот правец на настаните. Очекував на разни начини, а еднаш и самиот дадов иницијатива предлагајќи овде една декларација неодамна, Парламентот да ја изрази својата политичка волја, да ја искаже својата политичка волја за она што ќе мораше тогаш да го сработува Владата на Република Македонија и да го работи Владата на Република Македонија. На овој начин, фактички, како Владата да работеше во илегала од Парламентот, не дојде на одобрување на платформата и потврдување на платформата за преговорите, не доби позитивен знак од Парламентот дека тоа што го работи добро го работи и е во правилен правец и сега доаѓа како од Владата да ни изнудува нешто, ние по итна постапка да го усвоиме, иако претходно не сме се изјасниле за нешто такво. Таа, да кажам така, заспаност на парламентот, држење на парламентот настрана од основните теченија на македонската меѓународна, надворешна политика и градење на ставови како таа да се остварува не е добро. Парламентот треба да си покаже своја иницијатива и треба да си го земе местото кое му припаќа и има обврска, според Уставот, да го заземе во нашата земја.

Исто така, мислам дека не е добро што на оваа седница не се присутни Претседателот на државата и претседателот на Владата на Република Македонија. Јас не им го намалувам кредибилитетот на двајцата министри, кои овде се и двајцата како претставници на Владата на Република Македонија. Меѓутоа, ако сакаме да ја изразиме нашата непоколеблива волја и да ги отстраниме впечатоците во јавноста, дома и во странство за вакви или такви нијанси во ставовите, политичките ставови на нашите клучни, извршни органи, тогаш овде, кога се усвојува овој закон, кога се ратификува една политичка линија која оваа земја ја усвоила со

ратификација на Спогодбата потпишана на 9 април 2001 година, требаше да бидат и овие наши двајца високи функционери овде присутни.

Не верувам дека војната во Ирак толку ги ангажирала што мораат да надгледуваат некои дневни операции, па не можат да дојдат овде, каде што фактички се одлучува за многу важна работа и каде ние со нашата седница треба да го убедиме народот дека навистина доаѓа до пресвртница, вистинска пресвртница во ставот на меѓународната заедница кон Република Македонија, што се однесува до текот на кризата, заради тоа што јас сакам да и верувам и сакам да ја подржам изјавата на министерот за надворешни работи госпоѓата Илинка Митрева дека ова ќе биде последна воена мисија на меѓународната заедница и дека таа ќе заврши некаде до крајот на годината. Ако биде така, нам 2004 година треба да ни почне и ние треба да ги почнеме сите подготовки како почеток на фазата на социјација на нашата земја со Европската унија и како фаза кога фактички нашиот договор симболично се претвора во таканаречен европски договор и кога ние во тој случај навистина можеме сериозно, врз основа на правен акт валиден од двете страни да истакнеме наша кандидатура за полноправно членство во Европската унија.

Затоа, сакам да истакнам дека овие забелешки се мали. За договорот треба едно појаснување и еден од присутните министдри треба да каже, во членот 1 точка 3 во потточка г), каде се зборува за терминот “операција”, стои дека под “операција” се подразбира - не пишува така, ама така произлегува - територија на Република Македонија, особено во поранешните кризни региони, таму ќе се одвива операцијата. Духот на договорот фактички е поинаков и сметам дека ќе биде така, дека операцијата ќе се одвива само во поранешните кризни региони. Не гледам дека тука има некоја слабост во формулацијата, која би овозможила некое надгледување на состојбите во целата држава на сите места, во сите градови, затоа што за тоа ниту имала потреба, ниту верувам дека Владата на Република Македонија се вклучила во такви договарања, така што мислам дека тоа повеќе е надворешен впечаток, ама би помогнало евентуално објаснување на еден од министрите за ова.

Во секој случај, ние ќе гласаме за овој начин, да се ратификува овој договор и со тоа мислам дека навистина и се помага на нашата држава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Андов.

Со оглед дека беа изнесени некои политички видувања во врска со односите меѓу Парламентот и Владата, дозволете ми во ова својство и како

пратеник да кажам неколку збора, па нека се сфати и како рерплика за ставовите на господинот Андов.

(Господинот Никола Поповски излегува на говорницата)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници, господине Андов, јас се сложувам со вашата дискусија во целост за политичката потреба од ратификација на овој договор и немаме различни политички ставови, што обично ги имаме. Меѓутоа, дозволете во овој случај и како претседател на Собранието да обрнам внимание на следново.

Во вашиот говор на почетокот се изјаснивте дека Македонија со Европската Унија, тоа е единствена меѓународна организација со која ги имаме регулирано односите помеѓу Македонија и Европската Унија по пат на меѓусебен договор и со закон ратификуван во ова Собрание. После тоа се изнесовте дека во процесот на договарање на Законот за ратификација на статусот на силите на Европската Унија, Парламентот е прескокнат и дека Владата на некој начин работела во илегала. Со тоа свое видување го доведовте под прашање функционирањето на системот во Република Македонија, дека Владата превзела обврски да договара кои не произлегуваат од уставните и законски надлежности кои Собранието ги донело, бидејќи само Собранието може тоа да го донесе. За понатаму во последниот тек од вашиот говор повторно да кажете реченица дека Владата со фактот дека овде поднела Закон за ратификација на СОФА договор со Европската Унија ја изразува волјата согласно потпишана и ратификувана спогодба на ова Собрание со Европската Унија од 9.04.2001 година. Значи во три наврата имате контрадикторност. И врз основа на тоа како претседател на Собранието сакам да укажам дека Владата договарала со Европската Унија договор кој на 21 е потишан по пат на размена на писма и е доставен во ова Собрание, не во некаков вид на илегала, вон од правниот систем, туку врз основа како што кажавте вие, на регулирани односи помеѓу Република Македонија и Европската Унија потпишана спогодба.И врз основа на тоа Собранието денес има право да ратификува договор, а Владата имала право врз основа на тој договор и врз основа на овластувањето од ова Собрание да го потпише договорот кој денес е предмет на ратификација. Со тоа сакам да негирам што мислам дека и во вашата конотација на два пати се повикавте на аргументацијата која јас ја давам, меѓутоа еднаш соопштивте дека заради фактот дека не сме ја поминале резолуцијата која вие ја предложивте, Владата работела на некој начин во илегала. Резолуцијата не створа правни обврски за Владата, само

ратификувани договори и закони. Во овој случај Владата работела согласно прописите на оваа држава и согласно насоките на Собранието. И неможам да прифатам дека сме доведени во ситуација дека во некакви “илегални” преговори Собранието е ставено пред свршен чин. Дозволете и да исправам на почетокот, иако сите гласавме за итноста на Законот, рековте дека итна постапка се спроведува во овој Парламент доколку не се работи за сложен и обемен закон. Само би сакал да ве исправам. Во овој случај не расправаме по тој основ, туку по основот 175 каде што е пропишано дека по итна постапка може да се донесе закон кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството. И сега внимавајте, или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија. Во случајов НАТО мисијата си заминува на 31 март. Ние имаме буквално неопходна и итна потреба заради безбедноста на државата по итна постапка да донесеме закон, а не заради тоа што тој е од, како што вие кажавте не е сложен, ниту обемен. Се работи за сложен и обемен закон, меѓутоа во интерес на безбедноста на државата. Се надевам дека ова ќе го сватите како заштита на интегритетот и легитимитетот на Собранието и неговата работа, а не како спротивставување на вашите политички ставови.

Претпоставувам дека господинот Стојан Андов се јавува за реплика.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас само да одговорам на репликата. Не треба да покажуваме толку голема чувствителност од проста причина што факт е дека овој проблем можеше да дојде на Собранието и како платформа за разговори на Владата и во друга форма. Јас само реков дека една од формите ја понудив овде. И не да донесе нешто дефинитивно, туку да даде уште еден поздрав и позитивен сигнал на Собранието. Факт е дека сега Собранието прв пат се среќава со оваа материја и тоа неможе да го демантира господинот Никола Поповски, тоа е дел и од неговата одговорност. Што се однесува до противречностите ако внимателно слушал, ќе ги разберел, ама веројатно ловел грешки кај мене,па се затрчал. Инаку, морам да ви кажам дека јас и сега тврдам дека ова е единствен договор, спогодба што Македонија ја има со некоја меѓународна институција, инстанца, со која прифаќа да работи заедно со таа инстанца на својата стабилност. Затоа и се вика Спогодба за стабилност и асоцијација. Никаков договор за СОФА договор не сум спомнал во излагањето, незнам од каде ги најде господинот Никола Поповски. Моите излагања се сосема јасни. Земете ги стенографските белешки, стојам зад тоа, немате оправдување зошто Собранието ова прашање не го гледаше порано и при услови кога немаше

никаква работа Собранието, едноставно не заседаваше. Тоа е, не сте дале иницијатива, не сте го разбрале значењето, тоа е, ништо друго неможе да биде.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на дополнителните појаснувања.

Има збор господинот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитуван господине претседател, почитувани министри, претставници на Владата, почитувани драги колешки и колеги. Убеден сум дека ќе го усвоиме и тоа едногласно овој закон за ратификација на спогодбата од две причини. Да го кажам прво поважното, бидејќи сите како одговорни жени и мажи сакаме Македонија да биде стабилна и дека во постигнувањето на таа цел ќе ги разликуваме приоритетите и еден од нив е да бидеме заедно со Европската Унија и во овој проект. Внимавајте, инсистирам на тоа да биде проект.

Вториот е заради тоа што се работи за закон за ратификација на Спогодба каде што ние како Парламент практично неможеме ништо да видоизмениме, но со оглед на тоа што сме одговорни и сакаме да ја постигнеме целта, ние и на тој начин ќе гласаме и ќе го инкорпорираме и овој документ во македонската легислатива и тоа е добро.

Ќе бев исполнет со многу поголемо чувство на одговорност и задоволство од неа ако можевме да учествуваме во фазата на конципирањето на поканата. Значи овде нема што да се менува. Овде со повеќе,или помалку цврстина начинот на кој ќе се регулира престојот на странски сили кај нас е регулиран. Меѓутоа, во расправата околу тоа зошто ги каниме и каде се гледаме себеси во таа соработка, ние како Парламент ќе имавме нагласено место и ќе можевме да дефинираме параметри кои мислам дека сега за прв пат, за разлика од порано беше нужно да бидат видени овде. Ние имавме и благодарејќи на меѓународната заедница една ситуација во која постојано таа беше присутна на еден, или на друг облик кај нас и во регионот: УНПРОФОР, УНПРЕДЕП, заедничката акција со НАТО во интервенцијата во Југославија, потоа помошта на НАТО во три наврати со три различни мисии овде. И секоја од нив имаше јасно дефинирана цел и мандат. И ние во некои од нив учествувавме, во некои не. Сега за прв пат ако добро проценив, а верувам деа тука не се разликуваме, ние ја викаме Европската Унија чувствувајќи се како нејзин составен дел да влезе подиректно во еден сеопфатен проект кој мора да биде примарно нејзин, потоа регионален, а најмногу наш за стабилизација на овој дел од светот. Бидејќи Европа не може да претендира да ги исполни своите цели за

просперитет, пропулзивност, и водечка улога во светот 2010 година, ако на едно парче нејзина територија сеуште има ситуација која троши безбедносна, а тоа значи економска, финансиска и човечка енергија на истата таа Унија. Оттаму да ја имавме оваа можност, најверојатно ќе успеевме во разграничувањата на оваа мисија од претходните на НАТО кои беа врзани со собирање на оружје, кои беа врзани со обезбедување на интегритетот на набљудувачките мисии на ОБСЕ да се вградиме и себеси како активен чинител во примарната наша задача, а тоа е обезбедувањето на безбедноста на државата, наше нагласено учество дури и како лидери ако сакате во проект за регионална безбедност и потоа заедно со Европската Унија да работиме на заедничката безбедност на континентот, бидејќи сакале, или не, собитијата што се случуваат во наша непосредна близина не ставаат во улога да бидеме граница во овој нов свет што ќе се дефинира на еден, или на друг начин, тешко е да се каже како сега после ирачкиот конфликт. Според тоа, се радувам и постојано во Министерството за надворешни работи работевме на таа траекторија и се надевам дека ќе дојдеме до таа завршница, а тоа е веќе идната година да немора да ни бидат потребни странски трупи како дополнителен елемент за нашата безбедност. Но, тоа не значи дека треба толку брзо да се откажеме од нив како елемент со кој ние ќе соработуваме во регионалната безбедност и потоа како што постојано инсистирам во заедничката европска цела Македонија, европска држава, европската безбедност. Оттаму да учествуввме во конципирањето на писмото на претседателот, или на конципирањето на поканата за видоизменување на командата, ќе изнудевме најверојатно и видоизменување на мандат во смисла на тоа наместо да имаме потреба од присуство на униформирана воена сила која ќе треба да биде надодадена на нашата, да имавме договор за заеднички проект во кој, и тука се радувам, ја поддржувам министерката и Владата кога вели дека чинители на нашата безбедност како и порано, така и сега ќе биде македонската армија и сите сили за безбедност, почнувајќи од полицијата до сите граѓани како чинители најодговорни за нашата безбедност. Меѓутоа, мислам дека ако успеевме на овој начин да го направиме тој договор за нивно поканување, ова го регулира нивниот престој, ќе можевме Македонија да ја појавиме на овој регион како што веќе има некој сигнали дека и со НАТО ќе правиме како носител проект за регионална безбедност во кој заедно со нашите соседи, а една од нив е членка на НАТО, другите две се кандидати за членови на НАТО, мислам на Бугарија и Романија. Со Србија и Црна Гора на одреден начин ги регулираме односите, учествуваме во заедничкиот напор на меѓуародната заедница за стабилизација и консолидација на

Косово и активни сме во соработката со Република Албанија во обезбедувањето на заедничката безбеност. Значи, веќе сме создале еден амбиент во кој освен на Косово, не гледам повеќе потреба да имаме униформирани вооружени патроли. И Македонија ако сака, а со ова само формално станува дел од тој заеднички концепт на безбедност, ако сака во него забрзано да чекори кон полноправното членство, таа ќе мора се повеќе и повеќе да придонесува во сопствената безбедност. На крајот ќе се радувам идната година ако таа биде целосно наша, многу да придонесува во регионот и најмногу во Европската Унија и на тој начин ќе си ги отвориме ширум вратите за нашето зачленување и во Унијата и во НАТО. Меѓутоа ако не успееме, а од нас зависи, од нашите перформанси на сите полиња, почнувајќи од работата овде да имавме можност да го разгледаме ова прашање на Комисијата за надворешни работи, да не беше блокирана околу една ирационална состојба, можеби овие детали таму ќе ги кажев и немаше толку многу овде  вас да ве окупирам со тоа, туку ќе излезев со еден сублимиран предлог. Но, како стојат работите, добро е и што одиме вака. Но, велам треба, почнувајќи од овде па преку враќањето на владеењето на правото во сите загрозени региони, до враќањето на луѓето, ние да почнеме да создаваме наша политичка стабилност, да ја гарантираме со наша безбедност и потоа заеднички да чекориме кон доблестите на еден обединет континент во кој ќе имаме заедничка надворешна политика, во кој ќе имаме заедничка безбедносна политика.

И на крај, зошто сум убеден, уште еднаш да кажам дека ова ќе го усвоиме заради тоа што се прави еден нов квалитет на нашите односи со Европа и на тој нов квалитет треба да работиме, треба да ги искористиме сите шанси што ни ги дава, но на крај да ви кажам повторно, еве мое согледување врз основа на искуството што сум го стекнал, најмногу од се се важни нашите перформанси. Јас сум убеден дека сите ќе го изгласаме овој закон за ратификација.

НИКОЛА ПОПОВСКи:

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата. Убеден сум дека и моите мислења, размислувања не се поинакви од моите колеги кои што претходно говореа. А она што е позначајно и од самото тоа што денеска нас ни се презентира и како закон за ратификација на една спогодба меѓу Европската Унија и Република Македонија за статусот на силите на

Европската Унија и она што беше како експозе и како дополнително објаснување на министерката госпоѓа Митрева. Но, јас во случајов, сакам да направам една мала ретроспектива само за да не се  остави простор, или можност дека од нашите претставувања да се добие впечаток дека сме ги заборавиле претходните мисии кои што имале многу, многу голем и значаен ефект во Република Македонија. Затоа, јас во овој момент со малку зборови би спомнал дека и мисијата на УНПРОФОР и на УНПРЕДЕП во времето кога беа во нашата земја, беше првата мисија, превентивна мисија за превенција на можните конфликти, бидејќи во бившите југословенски републики имаше конфликти и војна. Но, се направи што се направи, тогашната грешка во врска со Тајван и признавањето на Тајван. Ние се најдовме во една ситуација УНПРОФОР да оди од тука. Но мислам дека таа мисија беше многу значајна и многу успешна во времето кога дејствуваше и во времето на конфликтот во една многу потешка ситуација за Макдедонија. Исто така на еден начин треба да се заблагодариме и да признаеме, да им се даде признание на силите на НАТО со разни имиња на нивните мисии бидејќи мора да се каже дека има активно учество во решавањето на кризата во Македонија во 2001 година и потоа со нивното присуство за да се помогне да се излезе од таа ситуација која што беше многу тешка за Македонија. Треба да се признае дека со најавата дека на некој начин во Македонија ќе дојдат или ќе се инсталираат сили на Европската Унија, на почетокот имаше поделени мислења како кај политичарите, кај интелектуалците, кај разните експерти дека овие сили на Европската Унија кои што ќе дојдат ќе се инсталираат во Македонија за прв пат со прва мисија се разбира тогаш без да се знае структурата и без да го имаме овој закон за ратификација што го имаме денеска пред нас. Ние навистина да не разбере меѓународниот фактор, или пак Европската Унија дека на почетокот тежнеевме за да продолжи мисијата на НАТО немавме тенденциозни цели, но тргнавме од тоа дека ја познававме и ја познаваме добро структурата на НАТО, ја познававме политичката и воена доктрина на НАТО. Затоа имало и такви размислувања.

Сега тука доаѓа една мисија што ја нарекуваме Сили на Европската унија. Тука воопшто не треба да се остави впечаток дека имаме резерви. Напротив, очекувавме во еден момент да се постигне спогодба меѓу Европската унија и НАТО и според сите причини, мислам дека на 27 јануари, кога Министерскиот совет на ЕУ покрена акција, заедничка оперативна акција на оваа мисија и со самиот факт дека тоа што се случи, ние што го нарекуваме аранжман “Берлин плус”, откако целата оваа процедура заврши онака како што предвидуваа водечките структури на НАТО и

раководните структури на ЕУ, тогашм, се разбира, Република Македонија, со своите претставници или подобро кажано со Владата и денеска со Парламентот го кажаа своето да, дека ваква Мисија е потребна на Република Македонија.

Во оваа релација сакам да кажам уште неколку зборови, дека што се однесува до Законот или тоа што треба да се ратификува, тие 17-18 членови на еден многу прецизен начин го предвидуваат статусот на евросилите, силите на ЕУ. Бидејќи ние, од 1995 година имаме еден официјален линк за соработка со ЕУ на различни начини, превземајќи обврски и активности, задачи и бидејќи имаме голем број документи, а најзначаен е Договорот за стабилизација и асоцијација, се разбира, во нашите меѓународни активности не треба да оставиме впечаток дека фаворизираме една, отстранувајќи друга страна.

Што сакам да кажам со ова? Бидејќи во нашето определување за евроатлантско интегрирање да станеме членка на НАТО како држава, колку што имам информации на тоа се работи со голем интензитет и врз основа на она што ние го знаеме, тоа се многу добри гаранции дека 2006 година ќе биде година кога Македонија ќе биде поканета да стане членка на НАТО. Затоа овие активности ќе продолжат и со доаѓањето на силите на ЕУ, ќе ги интензивираме другите активности што ни даваат можност, можеби привелегирана можност во овој момент за да го изодиме патот кон ЕУ.

Кога ги имаме предвид сите овие работи, треба да направиме се во афирмативни сегмент на Република Македонија, да не се создаде убедување, непоправливо, надвор од Македонија, од меѓународните фактори кај развиените држави во Република Македонија да има инвестиции, Македонија да се развива економски, бидејќи нема стабилност. Напротив. Сега им се обраќам на претставниците на ЕУ кои се тука, но има и други, на останатите, дека самиот факт што оваа мисија ќе оперира со определен статус во Република Македонија, паралелно треба да се поттикне онаа политика инвестиции за да Македонија излезе од криза што го нарекуваме економска криза, а тоа е невработеноста, сиромаштијата и тн. Бидејќи не треба да се дозволи на еден начин секогаш Република Македонија да има еден имиџ, поради присуството на овие сили и да речеме во овој момент воеността присуство на ЕУ и да се создаде уверување дека Република Македонија нема шанси за нормален развој, што се нарекува живот, тргнувајќи од демократскиот развој и тн. Сето тоа се поврзува со тоа дека ние треба да направиме се, да работиме ние повеќе, треба да работиме многу и како Парламент и како Влада да создадеме услови што помалку да имаме потреба од

вакви воени мисии, а што повеќе да работиме на тоа што претставува процедура за точната и перферирана кон европската унија и кон евроатлантските структури, или пак членството во НАТО.

Доколку работиме вака и вака делуваме се надевам дека многу брзо ќе се констатира во Република Македонија  дека е помината фазата кога треба да се разговара само за стабилноста и во 2004 година да тргнеме во фаза, што гоимаме како документ за стабилизација и асоцијација, како што рече господинот Андов, да тргнеме со работите кон асоцирање на Република Македонија во Европската унија. Тогаш  ќе ни биде многу лесно бидејќи ќе се расвива една динамика што имплементира и работни стандарди на ЕУ или пак на заедничките комисии, заеднички комитети за да се оди побрзо кон тоа што значи ЕУ и евроатлантска структура.

Затоа, завршувам, без натамошно елаборирање, добро е и во оваа фаза да имаме една мисија, во овој случај во договор со НАТО, со силите на ЕУ. Тоа што е другото добро тука, овие сили на ЕУ и натаму ќе соработуваат со НАТО, ќе соработуваат со КФОР, што на поефикасен начин и така како што е определено и со овој Закон за ратификација да ја извршува успешно својата мисија овде во Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Теута Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Ви благодарам господине претседател.

Парламентарната група на ДУИ денеска ќе го поддржи Законот за ратификација меѓу Република Македонија и ЕУ што се однесува до стационирање на евросилите и нивниот статус. Причините за оваа позиција и причините за нашата поддршка на овие сили се следните:

Пред се, ние тргнуваме од досегашниот успех што го забележаа операциите на силите на НАТО што дојдоа во Македонија веднаш после 13 август 2001 година, процес што длабоко е поврзан со Охридскиот договор и со процесот за стабилизација на Македонија. Високо ја цениме улогата на досегашните сили, како многу позитивна, затоа што сметаме дека без присуство на силите на НАТО во Македонија, немаше да биде можно воспоставувањето и натамошната реализација на мирот, како и целосната реализација на Охридскиот договор. За ДУИ и за

пратениците на оваа партија Мисијата на силите на ЕУ сигурно дека претставва континуитет на Мисијата на НАТО.

Истата филозофија на делувањето, истата филозофија на делувањето политичко е тоа што според овој закон успеавме да го идентификуваме натамошниот концепт на делување на силите на ЕУ. Исто така, значаен факт за овој континуитет е и самата реалност што командната структура ќе биде поврзана со НАТО. Реалноста дека и натаму во Скопје ќе продолжи да делува Амбасадата и амбасадорот на НАТО, а истовремено ќе продолжи и поддршката на процесот на интеграцијата на НАТО на Република Македонија, што сметаме дека претставува стратешки интерес, интерес на граѓаните и истовремено регионален интерес.

Дозволете ми во оваа прилика, во име на нашата пратеничка група да се задржам многу кратко на историјата на присуството на меѓународните сили во Македонија, тргнувајќи секогаш од постоечката реалност во текот на изминатата деценија што беше полна со турболентности и секогаш беше потребно едно меѓународно присуство. Во овој случај нивоата на тоа присуство беа различни. Но, ниту едно присуство не беше толку ефективно и успешно како што беше присуството после 2001 година.

Затоа, во оваа насока сметаме дека со воспоставување на силите на НАТО, претпоставувам, ќе ја постигнеме идејата за регионална соработка и за европска интеграција и за интеграција во НАТО. Сметам дека идејата за регионална соработка е токму таа што треба да се засили и да се инсистира на неа, затоа што сите процеси на интеграција треба да започнат од смите нас. Токму од тука и токму од идеите, и различните нивоа на идеи за регионална соработка.

Во оваа насока би сакала да заклуам, уште еднаш истакнувајќи го нашиот став во однос на поддршката на силите, да го истакнам фактот дека сметаме ваквите сили како што се европските сили и натаму се потребни на Македонија. Потебни се до целосната имплементација на Охридскиот договор, се до потполната правична и адекватна претставеност на немакедонските заедници во безбедносните сили. Претходното искуство покажа дека неадекватната присутност на етничките заедници во безбедносните сили многу често претставуваше закана за сигурноста во земјата и регионот. Затоа сметаме и се надеваме дека натамошната улога на овие сили ќе биде позитивна и се надеваме дека нашата соработка, како Парламент, соработката на другите структури со овие сили и сите други меѓународни активности во Македонија ќе бидат на ниво, затоа што нашата крајна идеја е сите ние да бидеме еднакви партнери во европските и меѓународни процеси.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Благодарам господине претседателе што ми дадовте збор.

Со внимание го прочитав овој Договор, со внимание го ислушав излагањето на министерката за надворешни работи, а исто така многу внимателно ги следев досегашните дискутати.

Веднаш, на почетокот сакам да кажам дека во овие материјали моравме да имаме една анализа, стручна, квалитетна, студиска за досегашните мисии што беа во Македонија, почнувајќи од УНПРОФОР, УНПРЕДЕП, НАТО мисиите, што беа различни со различни имиња, од дејствувањето на тие мисии во Македонија, за ефектите што се постигнаа со тие мисии, а исто така и негативните појави и негативните резултати од дејствувањето на тие мисии.

Тоа веројатно ќе придонесеше, ако имавме ена таква анализа и во конципирањето на овој Договор, што лично мислам дека е многу едностран и ги заштитува само интересите на Мисијата и учесниците во Мисијата, а не ги заштитува интересите на граѓаните и на Република Македонија.

Дека е тоа така, сведоци сме на многу такви појави, големи материјални оштетувања на државата, особено на нејзината инфраструктура. Исто така и за безбедноста на нашите граѓани, како и често пати настапувањето на разните портпароли на тие мисии каде често пати се навредуваше оваа држава. Ако ги имавме сите тие согледувања, веројатно во овој Договор ние ќе ги отстраневме тие негативни ефекти и појави.

Лично мислам дека мирот и безбеноста не се остварува со воена сила. Мирот и безбедноста во Македонија и во другите земји е комплексно прашање и тука тоа што го кажа господинот Чашуле, да постои план со кој што ќе се реализира стабилноста и мирот во Македонија на долги стази и со што ќе се обезбеди Македонија да влезе во евроатлантските структури, при што ќе се исполнат сите стандарди што тие ги бараат, тоа не се остварува со тоа што ќе биде присутна само воената структура. Тоа мора да се смени со значајни финансиски средства. Тоа значи дека во земјата во која што владее глад, беда, сиромаштија, земја во која што нема доволно вработување, каде има проблеми, секој ќе ги користи тие незадоволства за нарушување на мирот и стабилноста во државата.

Во нашето соседство имаше еден случај на атентат, што за жал се случи. Европската унија веднаш ја почувствува опасноста од дестабилизација на регионот. И, само за кратко време на Србија и Црна Гора, по разни основи влегоа преку 600 милиони неповратни средства. Зошто ние тоа пршање никаде не го покренуваме, ниту во 1998 година, ниту 1993 година, ниту сега. Тука лежат големите проблеми. Ние, како да се срамиме тоа да го поставиме.

Ние како да се срамевме да кажеме, доаѓа Мисија на Европската Унија, но, дајте, вие господо кој сте денес пртседавате со ЕУ, да го ратификувате договорот за стабилизација и асоцијација.

Тоа што се кажува дека ние сме ги поканиле, тоа се игри на потези, игри на настани. Тие тука не доаѓаат од некоја голема љубов за нас, туку затоа што тоа се заеднички интереси. Според тоа, кога тоа е така, ние треба на тој начин многу одговорно и многу мудро да настапиме. Ние само пред три месеци, во еден дел од власта имавме голема реакција од пртседателот и околу претседателот, што ќе се менува мисијата и дека ние не се согласуваме да дојде Мисијата на ЕУ, туку да остане на Комисијата. Тоа во меѓувреме некако се изгуби. Веројатно претседателот ја знаеше улогата на ЕУ во сочувување на Југославија, во спречување на распадот на Југославија и во спречување на војните во Југославија. Таа тогаш тоа не го направи. Мораше да се повика Америка да застане на чело па некако тие пожари да се згаснат.

Сега ако ние имаме една поцврста анализа, ние треба да видиме што значат сега овие моменти на промена на односите, меѓу Европа и Америка, внатре во Европа. Може ли Европа да изгради една заедничка надворрешна политика. Може ли Европа да направи вакви безбедносни сили. Може ли тоа да функционира во оваа ситуација. За тоа јас денес не можам да дадам одговор, но за тоа постојат луѓе кои се занимаваат со овие проблеми. Постојат аналитичари. Сепак ние сме држава која е најмногу загрижена и најмногу заинтересирана, сите тие системи да функционираат во Европа затоа што и ние сме дел од Европа, затоа што и ние сакаме да влеземе во Европа, затоа што и нашите цели се кон таа Европа. Меѓутоа, мораме таквите работи да ги изанализираме докрај и да видиме дали нема да имаме некои последици за цела оваа работа, од повеќе аспекти.

Јас ќе гласам за овој закон, затоа што вакви сили, било да се тоа на НАТО или на ЕУ, не можат да и штетат на Македонија, туку само можат да и користат, во овој момент. Меѓутоа, би бил среќен кога со некој Анекс на Договор би биле регулирани сите овие работи за кои јас сега зборувам. Сите овие моменти треба да се имаат во

вид и во понатамошните односи со Европа. Ако детето не плаче мајката нема да го нахрани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Љубе Бошковски

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, дами и господа колеги пратеници, почитуван министре

Мојот говор околу донесувањето на законот за ратификација кој денес ќе биде донесен во македонскиот Парламент ме мотивира да го објаснам амбиентот во кој доаѓаат Европските сили, силите на ЕУ, значи вооружените Европски сили во РМ кои на 31 март треба да ги заменат силите на НАТО.

Амбиентот на РМ со самото тоа што институцијата претседател на држава праќа писмо со кое ги кани сили на ЕУ во РМ, зборува дека на безбедносен план, внатрешно безбедносен план во РМ, не е постигнато она што сите ние овде постапуваме, а тоа праведниот мир. Значи, и натаму во РМ е сложена безбедносната ситуација. Сите ние посакувавме овде и се надевавме дека после 15 септември во РМ ќе настапи праведниот мир, дека ќе се вратат раселените лица, дека ќе се воспостави уставно-правниот поредок на целата територија дека ќе се почитува Уставот на РМ и затоа многу од овие пратеници кои денес се тука во македонскиот парламент и од СДСМ и многу гласачи кои гласаа за СДСМ се надеваа сепак со влегувањето на една, дотогаш воена сега политичка партија, ќе настапи мирот во РМ. Но, претседателот на државата, со испраќањето на ова писмо, не демантира. Не само што не демантира, претседателот на државата не одвои време во оваа многу сложена ситуација која  е рефлектирана, исто така и од најтешката криза во Европа и во Светот, со нападите на Ирак, која сигурно се рефлектира и во РМ, не објасни на нацијата каква е ситуацијата на безбедносен план во државава. Не само што институцијата претседател на државата не најде време да објасни зошто имаме еволутивен став, во почетокот цврст став да остане НАТО во РМ, а потоа да го промени ставот и да тврди дека во РМ добро е да дојдат Европските сили, што сите ние го поддржуваме бидејќи ние сме дел од Европа, и припаѓаме на Европа, нашата политичка профилација, на сите овде што сме присутни е јасна, а тоа е Евроатлантската ориентација. Тука, нема што да полемизираме. Но, во овој миг треба да се запрашаме зошто Европски сили во РМ. Дали РМ е загрозена од Грција, дали е загрозена од соседна Албанија, дали е загрозена, можеби од соседна Бугарија или од Србија односно српско-црногорската

држава, или имаме внатрешна нестабилност и затоа во овој миг ни е потребна Европа во РМ, со своите сили.

Се надевам дека дипломатијата ја одработи својата работа, дека мојата драга некогаш колешка, сега министерка, госпоѓата Митрева, ви кажа или добро ги објасни причините за доаѓањето на Европските сили. Остана нешто што ние денес сигурно ќе го поддржиме и ќе го усвоиме овој закон за ратификација, но останува уште еднаш да се навратам, каде доаѓаат Европските сили.

Ние и натаму на теренот имаме нестабилност. Ние и натаму имаме секојдневни убиства, нарушување на редот и мирот, поредокот. Ние и натаму имаме истакнување на знамиња на странски држави кои симболизираат екс териоријалност во РМ. Ние овие денови сме соочени со феноменот на кражби какви не се познати во овие децении, особено во оваа деценија од осасмостојувањето на РМ. Имаме секојдневни убиства закани и пукање во мирот на РМ. Во таков амбиент Европските сили доаѓаат во Македонија. Затоа ние треба да го дадеме својот максимум, да објасниме зошто моравме нашите сили да ги расформираме, зошто моравме да кажеме дека веќе не ни се потребни македонските лавови, зошто ние моравме да кажеме дека треба да ги распуштиме и да ги повлечеме пунктовите, таму каде што денес се врши најголемата нафтена кражба. Зошто моравме од тетовскиот и од липковскиот регион да направиме повторно поле од каде ќе се создава ново жариште и од каде ќе се создаваат амбициозните на непрофилираните политичари, некогашни припадници на ОНА, кои сега повторно го загрозуваат мирот во РМ, зошто нема контра аргумент  од официјалната власт, ниту од извршната власт ниту од претседателот на државата. Значи овие денови ние признавме дека во РМ има вооружени групи, дали тие ги нарекуваме АНА, ОНА, дали поранешни припадници, дали паравојска, дали терористички банки, дали качачки групи итн., тоа во овој миг воопшто не е важно. Важно е дека тие го загрозуваат мирот во РМ, и дека таа толку очекувана успешна коалиција не функционира. Оттука, нашата должност, и како претставници на парламентот, како парламентарци, активно да помагаме на актуелната власт, бидејќи интересот е заеднички, да го воспоставиме мирот за да им овозможиме на Европските сили во РМ, заедно со нас, да го направат тој крупен чекор, за кој зборуваше и г-динот Рамадани, чекорот кој ќе значи стабилизација на РМ, враќање на мирот и кога ќе се отворат нови можности, кога Европа во РМ веќе нема да има потреба да доаѓа со вооружена сила, да доаѓа со војска, но во РМ со воспоставувањето на целосниот уставно-правен поредок и со враќањето на мирот, Европа, како наш значаен стратешки партнер да ја видиме со

нови инвестиции во РМ, инвестиции кои ќе одговорат на многу прашања за кои ние овие денови, разговарајќи за буџетот ги отворивме прашањата за нови работни места, прашањата за инвестиции, за влегување на странски капитал, она за што сите ние овде имавме консензус. Затоа, Европа треба да ја поддржи Македонија, Македонија како дел од Европа да го врати своето значајно место, респектабилно место и Македонија повторно да постане фактор на одлучување во тој дел на регионот, а не Македонија како земја на експерименти, а не Македонија како земја каде ќе се тестираат нови Европски и светски модели на функционирање на правна држава.

Во тој контекст уште еднаш еднаш имам задача, право, да ја поздравам оваа мисија и се надевам искрено дека желбата, искажаната мисла од колешката Митрева ќе биде реализирана, до нова година да заврши мисијата во РМ и од тој миг почнува нова мисија, онаа, која за жал ја најавуваќе сеуќте актуелниот претседател на државата, за пролетна економска офанзива, но таа пролетта економска офанзива во РМ не ја гледам. Веројатно во 2004 година и таа пролетна или зимска офанзива, по завршувањето на мандатот на Европските сили , ќе ја видиме во РМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри.

Најпрвин сакам да истакнам дека го поздравувам доаѓањето за Евросилите во РМ и овој ограничен мандат што со овој закон за ратификација денес го усвојуваме, доволно говори дека сите политички фактори во државата а и меѓународната заедница е свесна за сеуште кревкиот мир и се она што во регионот постои како закана за безбедноста и стабилноста.

Добро е што оваа мисија е прва воена мисија во концептот на единствена безбедносна политика на ЕУ. Може би не е добро како што парламентот на итна седница го усвојува тоа, бидејќи имавме доволно време, доволно можности, во инструментите на примената на Спогодбата за стабилизација и асоцијација да ја искажеме нашата спремност за прифаќање и досега на Европските сили. Но, факт е дека на глобален светски план настануваат брзи промени, ситуацијата после 11 септември, е сосема поинаква во светот, а сигурно дека и овој напад на САД Велика Британија и одреден број сојузници, на Ирак исто така ќе направи одредени глобални промени во односите на силите и балансот на стабилнсота во сетот.

Америка ја објави својата нова нова безбедносна стратегија. Една од клучните битки што ќе ги води во наредниот период е битката против тероризмот и битката против присуството на оружје, посебно за масовно уништување. Од тој аспект и безбедносните функции на Евро-силите ќе се занимаваат со ова прашање и овде мислам ние не можеме да зборуваме дека има контрадикторност или исклучување на политиката на НАТО во однос на Балканот или пак превласт на Евро силите сепак се работи за сеуште недокрај издифиренцирани односи помеѓуј народниот правен поредок со примената сега на еднострaн напад на Ирак од страна на САД, а и друга страна јасно е дека една позиција на Евросилите, како што ќе биде оваа во Македонија со 300 војници, без соодветна логистичка поддршка која на овој простор ја има само НАТО, посебно со присуството на Косово, не може да се одржи целосно.

Од тука, може слободно да кажеме дека Македонија претставува своеврсно опитно глувче за новата стратегија на Европа по прашањето на градењето на единствен безбедностен систем и какви ќе бидат резултатите во многу зависи од самите нас. Најмалку што посакувам е во мандатот на овие сили воопшто да постојат промени или да постојат судири, кои би ја дале таа дмензија на нивно дирекно илволвирање во такви случувања. Но Европа мора да свати дека на Балканот мора да делува брзо и ефикасно. Посебно од аспект на воспоставување на правна и економска рамка на земјите од таканаречениот Западен Балкан со Европската Унија, кој во овој момент само Хрватска и Македонија го имаат и оттука, во регионот сеуште постои висок степен на загрозеност на целите на политикат ана ЕУ за интеграција на овие земји од Европа, односно Балканот, бидејќи не се соодветни политички пред се и економски подржани прогресивните демократски сили во тие земји, пред се, мислам на Србија и на Албанија, кои се залагаат за побрза и поцелосн аинтеграција со ЕУ. Значи ако отсуствува во пократок период во воспоставување на такви односи, регионот сеуште ќе биде да речам, политички нестабилен и како што настан аова убиство на премиерот Џинџиџ, секогаш ќе јакнат силите кои регресивно ќе сакаат Балканот да остане отворено прашање, бидјеки по прашањето на присуството на воените сили на Балканот, сеуште постои да кажам едно политичко занесување дека одредени ентитети се поблиску до една политичка воена сила, а други се за друга воена и политичка сила.

Отука, мислам дека и еден друг аспект овдека беше потенциран во една дискусија дека евро силите ќе помогнеле во имплементацијата на Рамковниот договор . Мислам дека со тоа само се покажува слабост на коалицијата , бидејки

политички проблеми од аспект на подршка на Рамковниот договор не постои. Според тоа, нема потреба за нешто што сме го устроиле како уставен поредок, кој зависи само од динамиката на примената на закони кои го опредметуваат Охридскиот договор, гарант да бидат и неакви воени сили. Таква демократија на никој не треба да му се посакува, ниту може да постои таква демократија.

Значи во овој момент сме оставени во позиција да видиме после 6 месеци дали ќе се исцрпи мандатот на европските сили, или пак заради други случувања во регионот ќе биде неопходно да се дефинира поинаква мисија на евро силите, за што одговорност носи и Владата и претседателот на државата, а Парламентто треба благовремено да бид еизвестен и евентуално да учествува во расправи кои ќе ги осветлуваат безбедносните прашања за регионот, посебно за внатрешната стабилност на државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот пратеник Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Во последните десетина години во Република Македонија беа присутни повеќе мисии, односно повеќе мисии на странското воено присуство.

Точно е како што кажаа некои дека кај нас во почетокот имаше доста скептици кон воената мисија на ОН, односно најпрвин го имавме присуството на мисиите на ОН УМПРОФОР, односно УМПРЕДЕП.

Овие сили на ОН иако релативно малобројни имаа мошне позитивна улога во јакнењето на стабилноста и безбедноста на Република Македонија , особено имаа позитивна улога во зачувањето на нашите граници и тоа во период, почитувнаи пратеници на самите почетоци на самостојноста на Република Македонија . И набрзо потоа, најголемите скептици го сватија превентивниот карактер на силите на ОН и нивната добронамерност. И тогаш за жал, се случитаканаречената Тајванска авантура, која иако кратко време траеше придонесе во најголема мера за повлеквуање на силите на ОН, а потоа и до негативни реперкусии по стабилноста и безбедноста на нашата држава. Ние видовме дека сите проценки, сите воени аналитичари и сите политички релевантни фактори укажаа на негативноста на

нашата безбедност по повлеквуањето на силите на ОН, односно по оваа наша краткотрајна и несериозна таканаречена Тајванска авантура.

Зошто ја споменувам оваа авантура? Не само да ја критикувам, туку сакам да укажам дека во иднина не смееме да дозволиме како држава д анаправиме вакви катастрофални грешки, кој без оглед од какви мотиви беа направени, па дури да се и од наивност, можат да имаат, како што гледаме тешки последици по државата. Не смееме да дозволиме таква грешка од ниту една влада, од ниту еден претседател, од ниту еден парламент, ниту од еден политички субјект. Затоа сметам дека ова треба да ни биде сериозна поука за во иднина.

Потоа почитувани пратеници како што е познато доаѓа до воено присуство на силите на НАТО под различни имиња и со различен мандат, кој исто така, можеме да кажеме одиграа позитивна улога во Република Македонија , особено во времето на воената криза. Овие сили на НАТО, зависно од состојбата постепено се намалуваат и како што кажав беа под разни називи и нивното траење беше продолжувано, често пати од желбата, за што пократко закрепнување на безбедносната состојба , нивниот мандат беше нереално, односно краткотрајно проценет, па имавме повеќекратно продолжување.

Но во секој случај мораме да признаеме дека мисијата на НАТО имаше позитивна улога во севкупната стабилност и безбедност на нашата држава и отаму, ако држава , како влада, како парламент, треба да оддадеме признание за улогата на НАТО силите во изминатиот период.

Сега почитувани колеги, се наоѓаме пред ратификацијата на договорот за меѓународната соработка помеѓу Република Македонија и Европската Унија за престојот и статусот на силите предводени од Европската Унија. Сите ние очигледно, посакуваме што пократко воено присуство, затоа сит еполитички субјекти треба да работат на натаошно стабилизирање на состојбите и покрај тоа што мроаме да бидеме свесни на фактот, како што беше укажано, дека стабилноста и безбедноста во Република Македонија не зависи само од нас туку и од состојбите во нашето соседство, во регионот, па и пошироко.

Јас лично и ЛДП го подржуваме овој предлог закон за ратификација на договорот на военото присуство на силите предовдени од Европската Унија. Добро е што сите политички субјекти во Парламентот го подржуваат ова присуство, за кое сите веруваме дека ќе даде позитивни резултати и на крајот на годината, како што рековме ќе имаме една стабилна состојба и безбедна, која сите ја посакуваме и која ќе биде една од претпоставките, се разбира, неединствено за нашето побрзо

приближување кон евроатланските интеграции, поголема стабилност и поголем економски развој, бидејки без стабилност и безбедност не можеме да сметаме на забрзан економски развој, кој толку ни е потребен.

Оваа мисија, како што е кажано во Договорот, има и цивилна и воена компонента, таа е малубројна и со ограничен мандат и тоа е јасно уочливо во договорот.

На крајот почитувнаи колеги јас го поздравувам констуктивниот приод на опозицијата, бидејки и таа позитивно се изјасни за присуството на силите предводени од Европската Унија. Но, за жал, не можам да се согласам дека актуелната владеачка коалиција не дволно работи на стабилноста и безбедноста, бидејки, иако мораме да признаеме дека нашиот мир е сеуште кревок стабилната состојба и безбедната состојба, споредена со ланската година е многу подобра. Ние натаму почитувнаи колеги, сите треба да работиме и тоа долгорочно на јакнење на натамошната стабилност и безбедност. Тоа треба да го направат сите политички субјекти, без оглед дали се во позиција, или опозиција, или пак дали се работи за вонпарламентарна опозиција.

Натаму се надевам дека покрај Владата и претседателто и Парламентот во овие процеси на меѓународна соработка, па и воена ќе биде уште повеќе инволвиран и дека заедно со Владата и со претседателот, овој Парламент ќе ја преземе таа одговорност, бидејки сите ние сме убедени и јас лично, дека овој Парламент има за тоа сили.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот пратеник Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани колеги, колешки, дозволете ми јас исто така, да се осврнам со мои видувања за предложениот договор за замена на НАТО силите и за брза интервенција на Европската Унија.

Мислам дека тука нема да има двојност во поглед на нашиот став на сите пратеници овдека, кои што на тоа прашање гледаме навистина, со еден респект и со едно многу битно значење, кое што се однесува за нашата идна перспектива.

Мирот, безбедноста и стабилноста, секако се врвниот приоритет на Македонија, потоа на Европа, пошироко и на целиот свет на чело со САД.

Фактот за промена на НАТО и со ЕУ силите , секако , тој е договор што е веќе псотигнат во Брисел меѓу структурите на НАТО и ЕУ. Дефинитивно, интегрирањето на Балканот како дел од Европа станува приоритетна цел на Европската Унија. Фактот со убиството на господинот Џинџиќ кој што беше убиен и фактот што први го посетија Белгарад после тој срамен чин претставници на ЕУ говори самиот за себе, односно дава јасни сигнали дека Европа е ите како заентересирана за регионално решавање на проблемите во овој регион.

Меѓутоа , прашањето го поставувам од друга страна. Каде сме ние? Дали сме ние чисти статисти, кои што објективно ни ги диктираат од надвор сите уставни промени, бидјеки бевме сведоци дека прво беа тука ОН, заменети со НАТО, сега евро сили. Каде е нашето место, као држава, кои што сакаме да ги следиме тие промени од аспект на наша иднина.

Општа карактеристика дека стихијноста и импровизацијата во последниве 4-5 години за наше членство во овие форуми се евидентни. Говорам, дури се прашувам отворено дали тие се чисти пароли, политички пароли или е тоа навистина цел, наша цел, бидејки објективно во сите тие структури има правила на однесвуање, како во структурите на НАТО, така во структурите на Европската унија, што за жал она што нам ни се случува тука, тоа не може во ниеден момент не може да биде прифатливо.

Имам чувство и впечаток дека има сили кај нас кои само декларативно се изјаснуваат за Европска Унија и НАТО, а дефакто, делуваат спротивно. Затоа сакам прво ние внатре во државата да се определиме, што е нашата цел и како Парламент да дадеме јасни смерници на Владата, што е тоа на што Владата треба да се насочи да работи со цел за побрзо интегрирање во ЕУ и НАТО структурите. Бидејки, да бид е јасно ЕУ и НАТО бара партнер во Македонија, не бара статиста. Статисти сме досега и дајте да го промениме тој однос.

Сега ќе дадам мала реплика на господинот Бошковски за еволуција. Во неговиот настап го критикуваше ставот на претседателто Трајковски за промената на неговиот став од НАТО структурите со промена во европските сили. Сепак е тој период од 3 месеци господинот Трајковски да го измени тој став. Меѓутоа, ставот на ВМРО кој беше 4 години да свати дека нивниот претседател, бидејки само тие знаат на кој начин стана претседател, да сватат дека тоа е грешка. Према тоа , да бидеме коректни во однесувањето и во делувањето во Парламентот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот пратеник Иљаз Халими.

ИЉАЗ ХАЛИМИ:

Почитуван претсеадтеле, почитувнаи министри, почитувнаи колеги, добро е да дебатираме за законот за ратификација за регулирање на статусот на силите на ЕУ и верувам дека вов рска со овој закон ќе имаме еден унифициран став . Причините зошто дојдоа евро силите во Македонија ние ги знаеме и нема потреба тие да ги нагласувам, за да не губиме време, имаме замена на сили на НАТО со силите на ЕУ, кој ќе бидат присутни во Македонија. Ова се разбира се прави со договор и со согласноста на ЕУ и на НАТО и затоа туканеам никакво место за коментирање, или пак интервенирање во однсо на тоа да не се прифати оваа спогодба, овој договор.

Парламентарната група на Демократската партија на албанците ќе ја подржи оваа спогодба, исто така и овој закон . Ние посакуваме, силите на ЕУ да бидат ефикасни да ја одиграат улогата,како што ја одигра улогата и НАТО и мислам на таков начин ќе го оправда присуството нивно во Република Македонија.

Министерката и неколку пратеници нагласија дека нивна желба е мандатот на силите на ЕУ да заврши по 6 месеци со надеж дека нема да имаме потреба тие да бидат присутни понатаму. Мислам дека ова го посакуваме сите ние, но онака како што се развиваат работите во Република Македонија , онака како што функционираат институциите на оваа држава, вклучувајки го овдека и Парламентот, како највисок законодавен дом, мислам дека силите на ЕУ овде не само 6 месеци ќе бидат уште за многу години по ред, бидјеки тие колку ќе бидат присутни тука , илинема да бидат, ќе зависи токму од нас сите , од институциите на оваа држава. 2001 година имавме конфликт , односно вооружен конфликт и за спречување на тој конфликт дојдовме до Охридскиот договор со потпис на лидерите на најголемите 4 партии, со политичкото крило на ОНА. Сега сме во период ког аоваа Спогодба треба да се реализира . Ние сме сведоци дека оваа спогодба не се почитува, не се имплементира онака како што е напишано на дециден начин во неа. Значи, се крши Охридскиот договор. Доказ за ова е неприфаќањето на албанскиот јазик и употребата на јазикот во Парламентот и што се однесвуа до документите и материјалит екои што ги добиваме и натаму ги добиваме на макеоднски јазик. Исто така не се прифаќа албанскито јазик, што се однесвуа до патната исправа, ние бевме сведоци сите тука како беше донесен Законот за патните исправи, каде што се дава поинков третман на албанците и на албанскиот јазик, кој исто така е службен

официјален јазик. Исто така Законот за измена на Законот за посебна помош на членовите и семејствата на жртвите на безбедносните сили на еднострани начин кој што беше донесен, не го подржаа политичките партии на албанците, не е изразена вољата на албанците во Македонија, е направена една тешка дискриминација меу граѓаните, сите оние кои што беа жртви за време на конфликтот во 2001 година.

На некој начин можам да кажам дека не беа земени предвид сите оние Албанци кои што беа жртви и членовите на нивните саемејства. Законот за амнестија не се почитува, се осудуваат бивши членови, војници на ОНА со 6 месеци итн., и сеуште продолжува листата од 130 имиња на бившите војници на ОНА против кои е покрената судска процедура за апсење.

Тука ја имаме и тешката економско-социјална состојба, а и од Буџетот се гледа дека нема никакви средства наменети за нови инвестиции. Мислам дека и натаму ќе ја обременуваме ситуацијата и стабилноста во државата.

Ова се причините кои неопходно и натаму ќе бидат присутни за да бидат присутни силите на Европската Унија кои што ги заменуваат силите на НАТО. Ние овде не треба да ја прикажуваме ситуацијата како да тече мед и млеко, како што се обидува секој тоа да го презентира за време на средбите со странските делегации. Ние не треба да ги лажеме, нив треба да ги запознаеме со реалната ситуација и врз основа на таа реална состојба заеднички да изградиме еден став преку некоја конференција на која ќе имаме обврска како се почитува Охридскиот договор, или некој си форум. Значајно е што ние треба да бидеме единствени во врска со прикажувањето на реалната состојба и никако не треба да се прикажува ситуацијата сосема поинаква од онаа каква што е.

Јас уште еднаш го повторувам нашиот став дека ќе го поддржиме овој закон и ќе гласаме за овој закон бидејќи е во интерес на сите нас тие да бидат присутни тука.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседател, почитувани колеги

Сакам да ја искажам својата лична силна поддршка за Законот за доаѓање на европските сили во Република Македонија секако и на колегите од ЛДП.

Ова го сметам за значаен чекор на патот кон нашето вклучување во ЕУ, кое што е комплементарно со влегувањето во НАТО.

Сакам да се осврнам на два аспекта, за кои сметам дека досега не беа директно посочени.

Прво, присуството на овие сили ќе биде секако придонес за безбедноста на нашата држава во еден посткризен период, особено при постоење на одделни радикални и ретроградни јадра во нашиот поширок регион.

Присуството на европските сили ќе биде јасен сигнал за сите радикали во регионот дека нивните активности се неприфатливи за регионот и дека Европа е решена да се заложи и да вложи за траен мир на Балканот, а тој не е можен без траен мир во Македонија. Затоа оваа европска мисија е со јасна порака за поддршка и зачувување на мирот во земјата.

Нивното присуство го сваќам и како поддршка на македонската Влада во нејзините напори да се справи со сите криминогени елементи во државата во насока на обезбедување на граѓански ред и чувство на безбедност на сите нејзини граѓани, но и на секој добронамерник што ќе стапне во Македонија.

Втор аспект на кој сакам да обрнам внимание е можноста ова присуство на европските сили да го исползуваме за презентирање на силната волја на граѓатани во Македонија за мир, за развој на демократските процеси и за брз влез во Европската унија како природен дел од целосното интегрирање на Европа како наш заенички дом. Притоа, покажувањето на таа волја е обврска и можност уште повеќе пред се на политичките субјекти, и на оние во власта и на оние во опозицијата. По жестокото воено искуство сите треба да бидеме и верувам дека сме свесни за тежината на изговорениот збор. Тој збор има особено тежина доколку се говори од парламентарната говорница. Затоа би сакала да кажам сосема добронамерно дека сметам дека се непримерни одредени изјави во кои што со некаков триумфализам се навестуваат нови кризи во Македонија и нови активности кои што би воделе кон дестабилизација. Мислам дека не треба секој поединечен инцидент во едно вакво посткризно време да се сваќа и да се најавува како почеток на нови жестоки времиња во земјава. Сметам дека тоа е неспоиво со сите претходни декларирани заложби за мир, за евроинтеграција, за влез на странски инвестиции и сл.

Мислам дека сите сме свесни за сите наши изјави, говори, настапи и дека тие се следат и од нашите граѓани и од преставници на мисиите во Македонија и треба навистина да бидеме многу свестни за тоа какви пораки им испраќаме и на граѓаните

и кон Меѓународната заедница, затоа што со тие изјави ние овде исто така работиме за мир.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги и претставници на извршната власт

Имам намера да кажам само неколку реченици за она што повеќето од пратениците го чувствуваме.

Мисијата на евросилите во Македонија е конкретен безбедносен ангажман, континуитет на заемните напори на Македонија и Европската унија за имплементација на асоцијативниот и стабилизациониот процес од договорот од Луксембург.

Со доаѓањето на евросилите, ова не е ново бидејќи зародиш и зачеток на развојот на интеграциите од областа на безбедноста е потпишувањето на Бриселскиот договор март 1948, договор помеѓу земјите на тогашен Бенелукс, Голема Британија и Франција. На овој договор е надоврзано основање на сојуз за колективна одбрана дефиниран со чл. 51 од Повелбата на Обединетите нации од април 1949 година и постанокот на НАТО.

Со развојот на НАТО како колективен безбедносен систем и развојот на општествено-политичките сили во Европа последните 50 години,по паѓањето на Берлинскиот ѕид и развојот на новите демократии се роди потреба и од создавање на нови безбедносни колективни системи, така да и Европската унија ја користи можноста за изградба на свој колективен систем.

Она што сакам да потенцирам е што сум сигурен дека со доаѓањето на евросилите во Македонија не значи заминување на НАТО, туку тоа е еден дел од НАТО и дека НАТО и натаму ќе остане во делот на логистиката, помошта во законодавната функција и др.

Посебно ми е драго дека тоа прв пат се случува во Македонија и дека Македонија е доказ за потребата од заедничка одбранбена стратегија која што е неопходна и го покажува развојот по кој најверојатно НАТО ќе тргне, предизвикан, детерминиран од развојот на политичките состојби во светот. Односно онаа стратегија на студена војна која што претходно владееше сега ќе се трансформира во борба против глобалниот тероризам и организираниот криминал.

Сакам да кажам само неколку реченици од тој сегмент и дека покрај неможноста ние како матична комисија за одбрана и безбедностд во Република Македонија можевме претходно да го видиме овој договор, сигурен сум дека тоа беше детерминирано од брзината од која што нашите партнери мораа да го донесат за да има правна рамка за да можат да дојдат овие евросили, јас ќе го дадам мојот глас за доаѓање на евросилите во Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Иван Стоилковиќ.

ИВАН СТОИЛКОВИЌ:

Господине претседателе,

Прво хендикепирани сме ние членовите на Комисијата за одбрана и безбедност бидејќи не присуствуваме уште од почетокот на расправата, бидејќи моравме да одржиме средба со претставниците на Собранието со Западноевропската унија во Собранието на Република Македонија и затоа не знам во колкава мера ќе се повторам со претходните дискутанти.

Меѓутоа, она што сметам дека е важно и она што сметам дека треба да се соопшти на јавност е дека не станува збор на замена на НАТО силите со силите на Европската Унија, туку пред се станува збор за превземање на политичка контрола врз процесот на управување со силите во Република Македонија, затоа што станува збор за сили кои се и инаку присутни во Република Македонија, а се испратени од земјите кои се членки на Европската Унија. Значи како прво тој дел треба да се потенцира бидејќи станува збор за преземање на политичка контрола на процесот на силите кои се наоѓаат во Република Македонија од страна на Европската Унија, што значи превземање на одговорноста за присуството на странските воени сили во Република Македонија во наредните 6 месеци од страна на Европската Унија.

Она што можеби е многу важно, а во овој момент не изгледа така е дека по завршувањето на мандатот на силите на Европската унија се остварува првата точка од предизборните ветувања на Коалицијата за Македонија заедно, а тоа е можноста безбедносните сили на Република Македонија да ја преземат контролата на целата територија на Република Македонија и да се отворат претпоставките за реализација на другите ветувања од предизборната програма на Коалицијата за Македонија заедно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави госпоѓа Илинка Митрева.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Дозволете ми на крајот од оваа наша денешна многу важна сесија да изразам благодарност кон сите колеги пратеници кои што дадоа поддршка на Законот за ратификација на Договорот за статусот на силите раководени од Европската Унија во Република Македонија.

Едногласноста на оваа поддршка укажува и покрај некои песимистички интонирани визии, што е право на секоја индивидуална проценка, дека овој Парламент ова Собраниет постигна висока политичка зрелост во оценката и проценката на националните интереси на Република Македонија и на нејзината европска иднина.

Ви благодарам уште еднаш.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ги молам пратениците што се надвор да влезат во салата, затоа што преминуваме на процесот на гласање.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 81 пратеник, со консенсус, сите гласдале за.

(Аплауз).

Еве даваат знак уште неколку пратеници што не притиснале копче дека и тие се за.

Значи со 88 гласа за го донесовме Законот, никој против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Европската Унија и статусот на силите раководени од Европската Унија во Република Македонија.

Честитам за консесусот изграден во Собранието.

Бидејќи дневниот ред на итната седница е исцрпен, ја заклучувам 15-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 12,30 часот).